**О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521 факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 1
**24.02. 2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Февруари, 2011**

**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (2Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Деветнаесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево", актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Деветнаесетта седница, одржана на ден 23.02.2011 година** и тоа:

1. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година;
2. Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со;
3. Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ЈЛБ „Илинден" – Делчево за 2010 година;
4. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден" – Делчево за 2011 година со Заклучок за усвојување;
5. Одлука за утврдување зони за проценка на наедвижен имот на подрачјето на општина Делчево;
6.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година;
7.Мислење за План и Програма за изведување на еднодневна зимска екскурзија „Поникваʺ Кочани 2011 бр.10-68/1 од 28.01.2011;
8.Мислење за Програмата за изведување на тридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од IV одделение бр.10-86/1 од 07.02.2011;
9.Мислење за Програмата за изведување на четиридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VII-те одделенија бр.10-87/1 од 07.02.2011;
10. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 4 со Заклучок за усвојување.
11. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;
12. Одлука за определување на средства од Буџетот на Општина за доизградба на Соборниот храм „Св. Кирил и Методиј" во Делчево;
13. Одлука за преотстапување на простор без надоместок на ГЗ од Делчево (ХДЗР "Кхам", "РЦЗ", "Бравура кооператива", „Аронија" и „Ромски информативен центар";
14. Одлука за определување на службена просторија за склучување на бракови на подрачјето на општина Делчево.
15. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"- Делчево за 2011 година;
16. Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за условите и начинот на користење ствари во сопственост на Општина Делчево;
17.Одлука за давање на користење ствари без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров"- Делчево;
18. Акционен План за борба против туберкулозата во општина Делчево со Заклучок;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08- 560/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2011 год.** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Малешевски, с.р.**

**1.**

Врз основа на член 132 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, донесен на 22.11.2006 година, како и врз основа на доставените предлози до Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот за 2011, Советот на општината Делчево на својата 19. редовна седница одржана на ден 23.03.2011 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година**

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена и Програмата за работа на Советот за 2011 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа.

Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на Општината, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државните органи.

Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево Програмата за работа на Советот за 2011 година е како што следува:

**Јануари/ Февруари 2011**

1. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година;
Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот.

2. Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2011 година;
Изготвувач: Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

3. Одлука за донесување на ДУП Централно градско подрачје УЕ 2, УБ2.2.;
Изготвувач: Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

4. Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за потребите на Општина Делчево. (февруари-декември)
Изготвувач: Одделение за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

5. Годишна сметка на Општина Делчево за 2010 година;
Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, даноци, јавни дејности и ЛЕР

6. Годишен Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево.
Предлагач: Командир на Полициска станица од општа надлежност.

7. Оперативен план за заштита на населението во Општина Делчево од заразни болести;
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи.

8. Извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор за 2010 година;
9. План за работа на Одделнието за инспекциски надзор за 2011 година
Изготвувач: Одделение за инспекциски надзор.

10. Донесување на нови одлуки и на одлуки за измени и дополнувања на одлуки согласно измените на постојните закони и предвидени согласно нови закони.

11. Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2010 година;

12. Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД "Брегалница" за 2010 година;

13. Извештаи за финансиското работење на ЈПКД "Брегалница"-Делчево (на секои три месеци)
Предлагач: Управен одбор на ЈПКД " Брегалница"-Делчево.

14. Завршна ( Годишна) сметка на ОУ " Св. Климент Охридски" - Делчево за 2010 година;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ " Св. Климент Охридски".

15. Завршна ( Годишна) сметка на ОУ " Ванчо Прке" - Делчево за 2010 година;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ " Ванчо Прке".

**Март/ Април 2011**

1. Одлука за општински патишта;
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

2. Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет 5-ти реон во Делчево, УЕЗ, УБ 3.2
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

3. Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за локалитети по јавна набавка за изработка на урбанистички планови (март-декември 2011година)
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

4. Одлука за утврдување на ДУП за локалитети по јавна набавка за изработка на урбанистички планови (март-декември 2011година)
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

5. Одлуки за учество во регионални проекти по повик од Министерство за локална самоуправа и Биро за регионален развој
Изготвувач: Одделение за буџет, финансии, даноци, јавни дејности и ЛЕР

6. Одлуки за поддршка и обезбедување на учество за аплицирање на проекти по разни повици. (во текот на целата година)
Изготвувач: Одделение за буџет, финансии, даноци, јавни дејности и ЛЕР

7. Одлука за основање на фондација Меѓуопштински развоен центар
Изготвувач: Одделение за буџет, финансии, даноци, јавни дејности и ЛЕР

8. Локален акционен план за социјална заштита 2011-2014; (април-август 2011)
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи.

9. Завршна сметка на СОУ " М.М. Брицо" за 2010 година - Делчево.
Предлагач; Училишен одбор на СОУ " М.М. Брицо".

10. Завршна сметка на ЈЛБ ,,Илинден,, - Делчево за 2010 година;
Предлагач; Директор на ЈЛБ ,, Илинден,, - Делчево.

11. Завршна сметка на ОЈУДГ ,, Весели Цветови,, за 2010 година;
Предлагач: Директор на ОЈУДГ ,, Весели Цветови,,.

**Мај/јуни 2011**

1.Одлука за утврдување на ДУП за локалитети по јавна набавка за изработка на урбанистички планови;
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

2. Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за потребите на Општина Делчево;

Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.
3. Предлог-Статут на Општина Делчево.
Предлагач: Комисија за статут и прописи при Советот на Општина Делчево.
Изготвувач: Одделение за правни и општи работи.

4. Предлог - Одлука за усвојување на Статутот на Општина Делчево;
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи.

**Јули /Август 2011**

1.Извештај за работата на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за периодот јануари -јуни 2010;
2.Годишна програма за работа на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за 2011 година ;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ "Ванчо Прке".

3.Извештај за работата на ОУ,,Св.Климент Охридски за периодот јануари - јуни 2010 година;
4. Годишна програма за работа на ОУ ,, Св. Климент Охридски,, - Делчево за 2011 година ;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ,,Св.Климент Охридски,, Делчево

**Септември/Октомври 2011**

1.Одлука за ревизија на Стратешки план за ЛЕР;
Изготвувач: Одделение за буџет, финансии, даноци, јавни дејности и ЛЕР.

2.Годишен Извештај за работата на ОЈУДГ ,,Весели Цветови,,- Делчево за учебната 2010/2011 година;
3.Годишна програма за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за учебната 2011/2012;
Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови".

4. Годишен Извештај за работата на СОУ ,, М.М. Брицо,,- Делчево;
5. Годишна програма за работата на СОУ-Делчево ;
Предлагач: Училишен одбор на СОУ"М.М.Брицо".

**Ноември/Декември 2011 година**
1.Буџет на Општина Делчево за 2012 година;

2.Одлука за извршување на Буџетот на Општината Делчево за 2012 година;
Предлагач : Градоначалникот на Општина Делчево.
Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР.

3. Одлуки за утврдување на Нацрт планови за детални урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место;

4. Одлуки за утврдување на детални урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место
Предлагач: Општина Делчево.
Изготвувач: Одделение за урбанизам, градежништво, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

5.Финансиски план на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за 2012, 2013 и 2014 година;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево.

6.Финансиски план на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево за 2012, 2013 и 2014 година;
Предлагач: Училишен одбор на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево.

7. Финансиски план на ОЈУДГ ,, Весели Цветови,,-Делчево за 2012 година;
Предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ " Весели Цветови"-Делчево.

8. Финансиски план на СОУ "М.М.Брицо"-Делчево;
Предлагач: Училишен одбор на СОУ"М.М.Брицо"-Делчево.

9.Програма за работа на Советот на Општината Делчево за 2012 година;
Предлагач: Комисијата за изработка на Програмата;

10. Извештај за работата на ЈЛБ Илинден за 2011 година;
11. Годишна програма за работа на ЈЛБ ,, Илинден,, Делчево за 2012 година;
Предлагач: Директор на ЈЛБ " Илинден"-Делчево.

12. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД " Брегалница" - Делчево за 2012 година.
Предлагач: Управен одбор на ЈПКД " Брегалница" - Делчево.

Советот на Општина Делчево во текот на 2012 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот ( ЈПКД "Брегалница", ОУ "Ванчо Прке" и ОУ "Св.Климент Охридски", ЈЛБ "Илинден", СОУ "М.М. Брицо" и ОЈУДГ "Весели Цветови").

Исто така, именува и разрешува членови во органите на управување и донесува одлуки за начинот на располагање со средствата на истите.

Измена и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година може да се прави во текот на годината доколку се јави за тоа потреба. Исто така, на секои три месеци во годината Советот на Општината го усвојува кварталниот извештај, кој, пак, се доставува до Министерството за финансии.

Во тековната година согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината.

Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година не е затворена и може да се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од

Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот и член 134 од Деловникот.

**Број 07- 531/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

2.

Врз основа на член 36 став 1 т. 13 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност**
**и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на општина Делчево**

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица Делчево.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

3. Заклучокот заедно со Извештајот да се достави до:

-Министерот за внатрешни работи на РМ;
-Народниот правобранител

**Број 07- 532/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**3.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 19.седница одржана на 23.02. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работата на**
**ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2010 година**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-533/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**4.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 19.седница одржана на 23.02. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Програмата за работа на**
**ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2010 година**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-534/1**
**23.02.2011 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Тони Трајановски, с.р.**

**5.**

Врз основа на член 5 од Законот за даноци на имот (,,Сл.весник на РМ,, број 61/2004) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (,,Сл.весник на РМ,, број 50/05,40/10 46/10), Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот**

Член 1

Со оваа оддлука се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Делчево.

Член 2

За прва зона се зема тринаесетта зона,за втора зона се зема четиринаесетта зона и за трета зона се зема петнаесетта зона од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот(΄Службен весник на РМ"бр.50/05,40/10,46/10)

Член 3

**И.** Прва зона го опфаќа потегот помеѓу :

Линија 1) Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево -спој на новопредвидена улица со ул.΄Браќа Миладиновци"-крак од ул.Браќа Миладиновци"-спој на крак од ул.΄Браќа Миладиновци"со ул.Македонска"-ул.΄Македонска"-спој на ул.΄Македонска"со ул."Вера Јоциќ"-ул.΄Вера Јоциќ"-спој на улицата :"Вера Јоциќ"со ул."Ѓорче Петров"-спој на ул."Ѓорче Петров" со ул."М.М.Брицо"-ул."М.М.Брицо"-спој на ул."М.М.Брицо" со ул."Скопска"-ул."Скопска"-спој на ул."Скопска"и "Булевар Македонија"-"Булевар Македонија"-до ШС"Голак"-Делчево

Линија 2) Река Брегалница-Пустевски ендек- спој на Пустевски ендек со ул."Маршал Тито"-ул."Маршал Тито "-Спој на ул."Маршал Тито "со ул."Солунска"-ул."Солунска"-спој на ул.΄Солунска" со ул.΄Маршал Тито"-ул.΄Маршал Тито"- ул."Маршал Тито" до спојот на урбаниот блок лесна индустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево

**ИИ.** Втора зона го опфаЌа потегот помеѓу :

1) Река Брегалница до Пустевски ендек-ул´Маршал Тито"-спој на ул.´Маршал Тито" со ул.´Солунска"-ул.´Солунска"-спој на ул.´Солунска" со ул.´Маршал Тито"-ул.´Маршал Тито" - спој на ул.´Маршал Тито" со урбаниот блок лесна индустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево - ул´Петрашевска"- спојот ул.´Петрашевска"со Таушански ендек.
2) Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево- спој на новопредвидена улица со ул.´Браќа Миладиновци"- крак од ул.Браќа Миладиновци"-спој на крак од ул.´Браќа Миладиновци"со ул.Македонска"-ул.´Македонска"-спој на ул.´Македонска"со ул."Вера Јоциќ"-ул.´Вера Јоциќ"-спој на улицата :"Вера Јоциќ"со ул"Ѓорче Петров"- спој на ул."Ѓорче Петров" со ул."М.М.Брицо"-ул."М.М.Брицо"-спој на ул."М.М.Брицо" со ул."Скопска"-ул."Скопска"-спој на ул."Скопска"и "Булевар Македонија"-"Булевар Македонија"- до ШС"Голак"-Делчево-ШС ´Голак"на ул.´Орце Николов"-до крај на ул.´Орце Николов"

**ИИИ** Трета зона опфака :
-Населба ´Басарица"
-Населба ´Звегорска река"
-Населба ´СтрелиШте"

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е мапа на град Делчево со определени зони .

Член 5

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-535/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**6**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање( вСл.весник на РМг број 91/09) , член 11 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (вСл.весник на РМг број 5/2002), Советот на Општина Делчево на седница одржана на ден 23.02.2011 год. донесе

# П Р О Г Р А М А

## за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година

***Урбанистички планови за град Делчево:***

1.Доврвшување на Измена и дополнување Детален урбанистички план локалитет „ Сервисна зона„ модул 1 со опфат од 5.6 ха и тоа:

- југ - Булевар „Индустриска„
- југозапад- улица „ бр.3„
- североисток - улица „крак на Индустриска кон Кожара „
- северозапад - дел од јужна меѓа на к.п.бр.6017-

2. Доврпшување на Детален урбанистички план за локалитет **в**5-ти Реонг во Делчево со опфат од 9.02ха, дел од Блок 3.1 во Урбана единица 3, со граници.

-север граница на ГУП

-исток ендек (граница на блококови 3.1 и 3.2)

-југ- граница на намена мало стопанство

-запад - граница на ГУП

3. Измени и дополнување на Детален урбанистички план од населба Милково Брдо во Делчево, дел од блок 1.3 во Урбана единица 1, со опфат од 14,4 ха и граници:

- југо- запад - ул. Бул.Македонија и ул.Македонска,
- југо- исток дел од ул.Велко Влаховиќ и дел од ул. Пере Тошев,

-северо-исток граница на ГУП

-северо-запад ендек од Бакини ливади ( граница помеѓу блоковите 1.2 и 1.3

4. Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план Старо Делчево во Делчево, дел од блок 2.6 во Урбана единица 2 , со опфат од 3,75 ха со граници :

-северо-исток - дел од ул.Крушевска

-југо-исток дел ендек

-северо-запад дел од ул.М.Тито.

-југо -запад дел од ул.М.Тито.

5. Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план Старо Делчево во Делчево, дел од блок 3.7 во Урбана единица 3 , со опфат од 6.13 ха со граници :

-северо-исток - дел од ул.М.Тито

-југо-исток - граница на опфат

- југо -запад - граница на опфат

- северо-запад -Таушански ендек

6.Измена и дополна на Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона Блок 1.2 во Урбана единица 1 со опфат од 22,72 ха со граници:

-северозапад -ендек кај населба Басарица,

-североисток-граница на градежен реон,

-југоисток ендек од Бакина ливада, и

-југозапад вул.Булевар Македонија

7.Измена и дополна на Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од 17,2 ха со граници:

-северозапад - Граница на градежен реон

-североисток- ул.Булевар Македонија,

-југоисток улица Индустриска и

-југозапад - асвалтирана улица кон кожара

8. Измена и дополна на Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од 4.0 ха со граници:

-северозапад - Граница на градежен реон

-североисток- предвидена улица покрај кожара

-југоисток ограда на кожара, ул.г3г и ул.гИндустрискаг

-југозапад река Брегалница,

9. Измена и дополна на Детален урбанистички план во град Делчево дел од Блок 1.4 во Урбана единица 1 со опфат од 18,5 ха со граници:

- северозапад - река Габровчица

-североисток - ул. ММ Брицо

-исток - граница на ГУП

-југоисток - булевар Македонија

10.Измена и дополнување(парцијално) на Генералниот урбанистички план на град Делчево (ГУП) и тоа:

* дел од блок 1.3 во Урбана единица1, со опфат од 4,05 ха и граници:

-југ- ул.Гоце Делчев

-исток ул.Питу Гули

-север ул. Велко Влаховиќ

-запад ул.Македонска.

* во Урбана единица 1 , Блок 1.5 ;

* во Урбана единица 2 , Блок 2.8 и Блок 2.9;

* во Урбана единица 3 , Блок 3.6

10. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се вршат измени и дополнување и на други делови од Деталниот урбанистички план на град Делчево и да се донесуваат Урбанистички планови вон населено место во КО-Делчево.

**Урбанистички планови вон населени места и за селата во општина Делчево:**

1. Урбанистички план вон населено место за локалитет Ладилник во катастерска општина Чифлик со плански опфат од 3.75 ха по границите на катастерските парцели број 844 и 845 .

2. Урбанистички план вон населено место за локалитет Црквиште во Дуовска Маала с.Очипала, КО Очипала со плански опфат од 1.05 ха по границите на катастирските парцели број 2552 и 2556 .

3. Урбанистички план вон населено место за локалитет Црквиште Голак КО Делчево со плански опфат од ............... ха по границите на катастирските парцели број ................

4. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат Урбанистички план вон населено место во катастерските општини на сите села во општината, како и урбанистички план за село за сите села.

5. Донесување Одлука на совет за утврдување на потреба од изработка , усвојување Урбанистички планови и друг вид урбанистичка документација( Локална урбанистичка документација, инфрструктурни проекти и др.)

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Делчево од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево како и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град Делчево.

**Број 07-536/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**7.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни актtивности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, бр.07-454/1 од 15.02.2011,а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02.2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на План и Програма за изведување на еднодневна зимска екскурзија „Пониква" Кочани 2011 бр.10-68/1 од 28.01.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Планот и Програмата за изведување на еднодневна зимска екскурзија „Пониква" Кочани 2011 бр.10-68/1 од 28.01.2011 година.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Број 07-537/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**8.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни акттивности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, бр.07-454/1 од 15.02.2011,а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на тридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од IV одделение бр.10-86/1 од 07.02.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на **Програмата за изведување на тридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од IV одделение бр.10-86/1 од 07.02.2011 година**.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Број 07-538/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**9.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни акттивности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, бр.07-454/1 од 15.02.2011,а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на четиридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VII-те одделенија бр.10-87/1 од 07.02.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на **Програмата за изведување на четиридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VII-те одделенија бр.10-87/1 од 07.02.2011 година**.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Број 07-539/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**10.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за квартал 4**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 4.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 540/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**11.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 36 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на 23.02.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата**
**Во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата од буџетот на Општина Делчево за 2011 година и тоа на следниот начин:

| **Програма Потставка** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТ. АДМ.** | | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **401130 –Основни плати-други 461 Невработени** | | | | | |
| **V 10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130-Основни плати-др.вработени | 1.660 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110-Основни придонеси за ПИО | -799 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 402210-Основни придонеси за здравство | -269 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402220-Основен придонес за профес. Задоволување | -45 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402310-Основни придонеси до Агенцијата За вработување | -86 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „сл. Гласник на Општина Делчево" и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2011 година.

**Број 07-541/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 ГОД.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**12.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето за донација на Македонската Православа Црква – Охридска Архиепископија „Св. Кирил и Методиј", бр.05-79 од 16.02.2011 година, а во согласност со Правилникот за утврдување на критериумите, условите за доделување на паричната помош и висината на паричната помош бр.07 – 460/1 од 14.07. 2009 г. и Записникот бр.05-485/1 од 18.02.2011 година,Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За определување на средства од буџетот**
**На Општина Делчево за доизградба на**
**Соборниот храм „Св. Кирил и Методиј" во Делчево**

Член 1

Се определуваат средства во висина од 300.000,00 денари за доизградба на Соборниот храм „Св. Кирил и Методиј" во Делчево.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево за 2011 година, Програма Д0, конто 463110 – Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се префрлат на жиро-сметка 300210000010259 – Комерцијална банка, Даночен број 4029988132392.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-542/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**13.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) , а согласно член 15 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево бр.07-461/1 од 14.07.2009 година година, Советот на Општина Делчево на својата 19. редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за преотстапување на простор без надоместок на граѓански здруженија од Делчево**
**ХДЗР „КХАМ", „РЦЗ", „Бравура кооператива",**
**„Аронија" и „Ромски информативен центар"**

Член 1

Се обезбедува користење на простор без надоместок на граѓански здруженија кои се регистрирани и активно работат на територијата на Општина Делчево и тоа:
-ХДЗР „КХАМ";
- Регионален центар за застапување;
- „Бравура кооператива",
-„Аронија" и
-„Ромски информативен центар"

Член 2

Просторот се наоѓа во објектот Стар противпожарен дом-приземје, сопственост на Општина Делчево, што се наоѓа на ул. „Маршал Тито", на к.п. бр. 6673, заведен во Имотен лист бр. 10321.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-543/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**14.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр. 5/2002) ,Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 23.02.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на службена просторија за склучување на бракови на подрачјето на општина Делчево**

Член 1

Се определува службена просторија за склучување на бракови на подрачјето на општина Делчево.

Службената просторија се наоѓа во Спомен-домот „АСНОМ„

Склучување на брак може да се врши и во свечената сала во Спомен-домот „АСНОМ", доколку има интерес за тоа.

Член 2

За користењето на просторијата и салата опишани во член 1, на одлуката нема да се плаќа никаков надоместок.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-544/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**15.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), а согласно член 11 став 1 точка 6 И 8 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на Р.М број 38/96 година), Советот на општина Делчево на својата 19. седница одржана на 23.02. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Програмата за работа на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2011 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Програмата за работа на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2011 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 545/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**16.**
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**Одлука**
**За измени и дополнување на Правилникот**
**за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево**

Член 1

Се врши измена и дополнување на Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево, бр.07-07-461/1, донесен од Советот на Општина Делчево на Третата седница.

Член 2

Во членот 15 во ставовите 1 и 2 се додава нова алинеја која гласи:
-државни институции.

Член 3

Членот 20 од Правилникот се менува во целост и истиот гласи:
„ Ако на објавениот оглас не се јават доволен број заинтересирани лица, согласно член 19, се распишува и објавува повторен оглас.

Ако и по повторниот оглас не се јават доволен број заинтересирани лица, може да се склучи непосредна спогодба со единственото заинтересирано лице".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево„

**Број 07-546/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**17.**
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 став 1 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево бр.07-461/1 од 14.07.2010 година, Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на користење ствари**
**без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров"-Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево, за потребите на НУЦК „Н.Ј. Вапцаров" дава на користење службени простории во Спомен-домот „АСНОМ" и тоа:

-Просторија 1 со површина од 34.11 м2
-Просторија 2 со површина од 31,83 м2
-Просторија 3 со површина од 5,87 м2
- Просторија 4 со површина од 7,4 м2
- Просторија 5 со површина од 19,28 м2
- Просторија 6 со површина од 3,43 м2
- Просторија 7 со површина од 28,34 м2
- Просторија 8 со површина од 119,92м2
- Просторија 20

Член 2

Просториите опишани во член 1 на одлуката се наоѓаат во Спомен-домот „АСНОМ", сопственост на Општина Делчево и се издаваат на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров"-Делчево без надоместок.

Член 3

Врз основа на Одлуката ќе се склучи Договор за користење помеѓу Општина Делчево и НУЦК „Н.Ј. Вапцаров" со дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-547/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **тони Трајановски, с.р.**

**18.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 19.редовна седница, одржана на ден 23.02. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Локалниот акционен**
**план за туберкулоза 2010-2014 на Општина Делчево**

1. Се усвојува Локалниот акционен план за туберкулоза на Општина Делчево 2010-2014 со следните забелешки:
- во Локалниот тим да бидат вклучени компетентни и стручни лица ( лекар специјалист по интерна медицина, матичен лекар, медицинска сестра која работела со болните од туберкулоза, како и ветеринарен лекар;
- да се коригираат грешките околу анкетираните лица и бројот на болните од туберкулоза;
- Како едукатори да се ангажираат компетентни стручни лица и истите да бидат вклучени во обуката на едукаторите;

2. Локалниот акционен план со забелешките и корекциите, да се достави до Градоначлникот на Општина Делчево и Советот на Општина Делчево.
3. Составен дел на Локалниот акциониот план за туберкулоза 2010-2014 на Општина Делчево е и овој Заклучок.

Заклучокот да се достави до:
- Црвен Крст на РМ;
- ОО на Црвен крст-Делчево
- Координатор на Локален тим

**Број 07-548/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.02. 2011г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

## СОДРЖИНА


**-Решение за објавување акти бр.08-560/1 од 24.02.2011............................... 2**

1. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2011 година;.................... 3

2. Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево ;................................ 7

3. Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ЈЛБ „Илинден" – Делчево за 2010 година;........................................................................................................ 7

4. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден" – Делчево за 2011 година со Заклучок за усвојување;..........................................................................8

5. Одлука за утврдување зони за проценка на наедвижен имот на подрачјето на општина Делчево;..........................................................................................................8

6.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година;............................................................................................. 9

7.Мислење за План и Програма за изведување на еднодневна зимска екскурзија „Пониква" Кочани 2011 бр.10-68/1 од 28.01.2011;.....................................................13

8.Мислење за Програмата за изведување на тридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од IV одделение бр.10-86/1 од 07.02.2011;................................................14

9.Мислење за Програмата за изведување на четиридневна екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VII-те одделенија бр.10-87/1 од 07.02.2011;......................................14

10. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 4 со Заклучок за усвојување..........................................................................................15

11. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;.......................................................................................................... 15

12. Одлука за определување на средства од Буџетот на Општина за доизградба на Соборниот храм „Св. Кирил и Методиј" во Делчево;..................................................16

13. Одлука за преотстапување на простор без надоместок на ГЗ од Делчево (ХДЗР "Кхам", "РЦЗ", "Бравура кооператива", „Аронија" и „Ромски информативен центар";................ 17

14. Одлука за определување на службена просторија за склучување на бракови на подрачјето на општина Делчево..........................................................................18

15. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2011 година;..............................................................................18

16. Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за условите и начинот на користење ствари во сопственост на Општина Делчево;............................................19

17.Одлука за давање на користење ствари без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров"-Делчево;..................................................................................................19

18. Заклучок за усвојување на Акционен План за борба против туберкулозата во општина Делчево;...................................................................................... 20

.